РЕАКТОР
истражување во акција

Општина Карпош



# Жените во македонската економија

Проектот е финансиран од Европска унија и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија

Проектот е имплементиран од „РЕАКТОР - истражување во акција“ во соработка со МЦЕО - Македонскиот центар за европско образование

# Жените во македонската економија

# Резултати од истражувањето на перцепциите на жените за родовата еднаквост во општина Карпош

Скопје, 2010

Издавач: Здружение на граѓани РЕАКТОР – Истражување во акција

Тираж: 100

Датум: Скопје, декември 2010

CIP: Каталогизација на публикација

Национална и Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

342.722.(497.742)*2010*(047.31)

Резултати од истражувањето на перцепциите за родова еднаквост во
Општина Карпош: жените во македонската економија – Скопје
Здружение на граѓани Реактор, 2011, 23 стр. : табела; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN: 978 – 608 – 65246 – 1 – 6

а) Родова еднаквост – Карпош (општина) – Истражувања

COBISS.MK-ID 86456074

Овој извештај е резултат од проектот Жените во економијата, финансиски поддржан од страна на Европската унија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор и не ги рефлектира позициите на Европската унија.

## Содржина:


**Предговор** ........................................ 6

**Демографија на примерокот** ........................................ 7

**Профил на жената од Карпош** ........................................ 7

**Перцепции за родовата еднаквост** ........................................ 9

Познавање на своите права ........................................ 9

**Родовата еднаквост на работа** ........................................ 11

Жените и работата ........................................ 12

Улогата на родот во вработувањето ........................................ 13

Родовата еднаквост на раководните позиции ........................................ 15

Влијанието на домашните одговорности на жената ........................................ 15

Квалификации на жените ........................................ 17

Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот ........................................ 18

**Мерки за зголемување на вработеноста на жената** ........................................ 20

**Родовата еднаквост во иднина** ........................................ 21

# Предговор

Во овој извештај ги анализираме податоците од истражување спроведено во општина Карпош кое имаше за цел да ја измери перцепцијата за родовата еднаквост кај жените во Карпош во 2010, како и нивните перцепции за дискриминацијата на жените на пазарот на труд. Истражувањето беше дел од проектот „Жените во македонската економија“кој Реактор го спроведе во текот на 2010 година во четири општини: Тетово, Карпош, Струмица и Шуто Оризари. Проектот беше финансиски поддржан од страна на Европската комисија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права (European Instrument for Democracy and Human Rights – EIDHR) и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија.

Извештајот ги презентира наодите во четири главни дела:

I. **Перцепции за родовата еднаквост**
Првиот дел од извештајот се обидува да ги оцени моменталните погледи на жените за постоење на родова нееднаквост, како и оценките за сопственото познавање на личните права .

II. **Родовата еднаквост на работа**
Вториот дел се осврнува на различни аспекти од животот кои можат да имаат влијание врз родовата еднаквост.

III. **Мерки за зголемување на вработеноста на жените**
Третиот дел е фокусиран на улогата која Република Македонија треба да ја преземе за да се зголеми родовата рамноправност преку избор на соодветни активни мерки.

IV. **Родовата еднаквост во иднина**
Четвртиот дел дава преглед на очекувањата на испитаничките за иднината на родовата еднаквост.

Извештајот ги разгледува одговорите на испитаничките од општина Карпош и истите ги споредува со резултатите од националната студија и со оние од Европската Унија[1]. Дополнително, податоците се анализирани и за да се утврдат евентуалните разлики меѓу испитаничките кои живеат во урбаниот и во руралните делови на општината. Исто така ќе разгледани се и разликите според други социодемографски фактори, како возраст, степен на образование, социјален статус итн.

Податоците за истражувањето беа собрани по пат на теренското истражување во период од 23 јуни до 23 јули 2010, односно беа спроведени структурирани интервјуа од врата до врата во рандомизирани домаќинства. Поради малата стапка на одзив при теренското истражување и со тоа загрозеноста на репрезентативноста на примерокот во општина Карпош, истражување се повтори во август и септември 2010 со телефонски интервјуа на репрезентативен примерок за урбаниот дел од општината Карпош, додека руралните делови беа одново опфатени со теренското истражување.

Пристап до целосната дата база на истражувањето, како и копија од прашалникот е достапен по барање. Ве молиме вашите барања да ги упатите на е-пошта: info@reactor.org.mk или адреса: Апостол Гусларот бр.40, 1000 Скопје. Извештајот е достапен во електронска форма и на веб страната на Реактор: http://www.reactor.org.mk

*Би сакале да ја искористиме оваа прилика и да им се заблагодариме на испитаничките од општина Карпош кои одвоија од своето време за да учествуваат во ова истражување. Без нивно активно и искрено учество, оваа студија немаше да биде возможна.*

[1] Special Eurobarometer, Gender equality in the EU in 2009, февруари 2010, достапен на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_326_en.pdf

# Демографија на примерокот

Податоците од општина Карпош се базираат на примерок од 400 жени, на возраст од 15 до 65 години, каде 52 жени т.е 13% се на возраст од 15 до 25 години, 67 или 16.8% се од 26 до 35 години, 80 или 20% се од 36 до 45, 79 или 19.8% се од 46 до 55 години и 122 или 30.5% од 56 до 65 години. **Просечна возраст е 44 години.**

**308 или 77% од нив живеат во урбаниот дел од општината и** 92 или 23% во околните села.

Од нив **356 или 89,2% се Македонки**, 6 или 1,5% се Албанки, 28 или 7% се Ромки, 4 или 1% се Србинки, 1 е Турчинка (0,3%) и 4 жени или 1% припаѓаат на друга етничка група.

Образовната структура на примерокот е следна: 22 или 5,5% се без завршено основно образование, 41 или 10,3% со основно образование, 201 или **50,3% со средно образование**, 123 или 30,8% дипломирани, 12 или 3% магистри и 1 докторки на науки или 0,3%.

Статусот на пазарот на труд на нашите испитанички од општина Карпош е следен: 159 или 39,8% работат и се пријавени, 37 или 9,3% работат непријавени, 203 или 50,9% не работат. За разлика од другите општини во кои го спроведувавме прашалникот, во општина Карпош жените имаат поголема финансиска моќ. Така, 59 или 14,8% кажале дека секој месец имаат проблеми со плаќање на сметките, 86 или 21,6% имаат пробелми од време на време и 254 или 63,7% никогаш немаат проблеми со плаќање на сметки.

Од нашите испитанички 58 т.е 14,5% се слободни, 23 или 5,8% се во врска, 275 или 68,8% се во брак, 13 или 3,3% се разведени и 31 т.е 7,8% се вдовици; 92 или 23% немаат деца, 68 или 17% имаат 1 дете, 207 или 51,8 % имаат 2 деца, 21 или 5,3% се со 3 деца, 5 или 1,3% се со 4 деца, 7 или 1,9% се со 5 или повеќе деца. Просечен број на деца е 2.

# Профил на жената од Карпош

Просечната испитаничка од општина Карпош од нашето истражување е 44 годишна македонка. Таа е невработена жена која нема проблеми со редовно плаќање на сметките и која не би работела за плата помала од 17.800 денари. Има завршено средно образование и живее во брак со две деца во урбаниот дел на општината.

## Ставови за позицијата на жената на пазарот на труд и односите во домаќинството

Нашата испитаничка не е убедена во загрозеноста на жената на пазарот на труд. Таа смета дека на жените им е еднакво тешко да најдат работа колку и на мажите или нешто малку потешко. Воопшто не се согласува со ставот дека нема доволно работни места за жените, но сепак, за неа не е прифатливо што има помалку вработени жени од мажи, односно таа во потполност се согласува дека тоа е проблем.

Нашата испитаничка во потполност се согласува и со ставот дека жените кои не работат **се изолирани од светот**, дека жената **мора да има свои лични примања** и воопшто не се согласува дека е нормално жените да бидат **помалку образовани од мажите или** дека **е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обрски.**

Таа во потполност се согласува дека и **мајките и татковците треба да ја стават грижата за своите деца пред своите кариери**, дека **мажите што не работат треба да се грижат за децата** и домаќинството и воопшто не се согласува **дека доколку има деца и постари членови за кои некој треба да се грижи не се исплати мајката да работи**.

## Приоритетна мерка за подобрување на позицијата на жената на пазарот на труд

Нашата просечна испитаничка од општина Карпош смета дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари заедно со воведувањето на флексибилни работни саати се најважни мерки кои треба да се преземат за да се зголеми бројот на вработени жени.

## Причини за неповолната ситуација на жената од општина Карпош на пазарот за труд во Македонија

Нашата просечна испитаничка воопшто не се согласува со ставот дека жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции и дека тие не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции. Таа во потполност се согласува дека во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените, како и дека жените имаат помала слобода поради семејните обрски и грижата за домаќинството. Таа исто така воопшто не се согласува дека жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат да изградат своја кариера.

## Поглед на иднината и веројатноста за промена на состојбата на жената за 20 години

Нашата испитаничка од општина Карпош верува дека за 20 години мажите и жените најверојатно ќе заработуваат еднакво, дека мажите повеќе ќе се грижат околу домашните обврски, дека жените ќе бидат повеќе застапени во централната и локална власт, дека ќе се зголеми бројот на жени на менаџерски позиции и дека веројатно дури ќе имаме и жена премиер или претседател.

## Запознаеност со правата на жените

Нашата испитаничка смета дека воопшто не е запознаена со правата што ја штитат од полова дискриминација, делумно е запознаена со правата за еднаква плата за мажи и жени, за правата за заштита на бремени работнички и за правото на еднаков пристап до образование за мажи и жени, а е добро запознаена со правото на породилно отсуство.

## Ставови за состојбата на пазарот на труд / преферирана сектор

Нашата испитаничка од Карпош во идеални услови, кога би можела да избира, би сакала да работи во државна односно јавна администрација. Таа нема изграден став по прашањето дали мажите и жените имаат исти можности за успех односно дали мажите имаат повеќе можности од жените, бидејќи таа се согласува и со двата става, во зависност од формулацијата на прашањето.

# Наоди од истражувањето

## Перцепции за родовата еднаквост

### *Жените немаат изграден став за тоа дали се дискриминирани*

Со цел да се измерат ставовите на жената од општина Карпош кога станува збор за родова нееднаквост, испитаничките беа прашани *„дали сметаат дека во животот имаат добиено исти можности за успех како и мажите“*. Бидејќи сакавме да се ослободиме од евентуалната наведувачка природа на ставот и тендециите за согласување на испитаничките, прашањето беше формулирано на два начина. Така, 205 жени или 51,3% од вкупниот примерок беа прашани дали *„Можностите за успех се исти и за мажите и за жените“*, а останатите 195 или 48,8% одговараа дали се согласуваат со ставот *„Мажите секогаш имале повеќе можности за успех“*. За жал, од одговорите се утврди дека жените во Карпош немаат целосно изграден став за тоа дали се дискриминирани бидејќи иако има разлика во одговорите во зависност од тоа како е формулирано прашањето, мнозинството од испитаничките се согласуваат и дека можностите се исти и дека мажите имале повеќе можности.

| **Мажите и жените имаат еднакви можности** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **47,3%** | **12,7%** | **14,6%** | **15,1%** | **10,2%** |
| **Мажите имале повеќе можности** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **40,5%** | **11,3%** | **10,8%** | **15,9%** | **21,5%** |

Така, повеќе од половина од испитаничките (60% со ставот можностите се исти, 51,8% со ставот мажите имале повеќе можности) се согласуваат со прашањето, со што повеќе ја оддаваат својата тенденција за согласување отколку што покажуваат изграден став по ова прашање. Се работи за големи, случајно избрани примероци од по околу 200 испитанички кои во никој случај на две толку различни формулации неможат случајно систематски да се разликуваат во ставовите.

Социо-демографските фактори немаа влијание врз одговорите на испитаничките без разлика како е поставено прашањето.

## Познавањето на своите права

### *Жените од Карпош несигурни во познавањето на своите права, најмало познавање кај руралните жени, жените со повеќе деца, невработените и помалку образованите*

Овој дел од прашалникот се обиде да измери колку жените сметаат дека ги познаваат правата што гарантираат родова еднаквост. Прашањата гласеа *„До кој степен сте запознаени со правата на жената во следниве области“*:

### *„Полова дискриминација“*

| Полова дискриминација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **9%** | **17%** | **25,6%** | **21,1%** | **27,3%** |

Во општина Карпош 38,8% од жените сметаат дека се добро или многу добро запознаени со правата што ги штитат од полова дискриминација, 30% се делумно запознаени, а 31.3% се декларираан како незапознаени. За споредба, во ЕУ мнозинството жени сметаат дека се добро информирани (52%), а на национално ниво само испитаничките од општина Струмица се изјасниле како позапознаени со своите права од сите други општини опфатени со истражувањето.

### *„Еднаква плата за мажи и жени“*

Сликата е слична и кога станува збор за еднаква плата за мажи и жени. Повторно е повисок бројот на оние кои сметаат дека не си ги познаваат правата, од оние кои се изјасниле дека се добро или многу добро запознаени. Така, скоро половина од испитаничките (46,8%) не се запознаени со своите права во однос на еднакви примања за мажите и за жените, 27,1% се добро запознаени, а 26,3% сметаат дека се делумно запознаени.

| Еднаква плата за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **9,8%** | **17,3%** | **26,3%** | **21,5%** | **25,3%** |

### *„Заштита на бремени работнички“*

Малку подобра состојба имаме кај правата за заштита на бремени работнички, каде бројот на оние што не се запознаени се намалува, а на оние што се запознаени расте, меѓутоа сепак високи 40,4% се декларираат како незапознаени со правата за заштита на бремени работнички. Скоро една четвртина (22,6%) се изјасниле како делумно запознаени, а  37% како добро односно многу добро запознаени.

| Заштита на бремени работнички | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **16,1%** | **20,9%** | **22,6%** | **20,6%** | **19,8%** |

### *„Породилно отсуство“*

За првпат по правото за породилно отсуство испитаничките се изјаснуваат како повеќе запознаени отколку незапознаени. Процентот на незапознаени е паднат на 28,8%, 17,9% се изјаснуваат како делумно запознаени, а веќе повеќе од половина (53,4%) се изјаснуваат како добро односно многу добро запознаени. Ова е право со кое испитаничките од Карпош се декларираат како најзапознаени.

| Породилно отсуство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **22,4%** | **31%** | **17,9%** | **13,4%** | **15,4%** |

### *„Еднаков пристап до образование за мажи и жени“*

Трендот на одговори сличен како и кај правото на породилно отсуство, со тоа што повторно мнозинството од испитаничките се изјасниле како запознаени. Така, 43,5% сметаат дека се добро или многу многу добро запознаени со правото на еднаков пристап до образование за мажи и жени, 22,4% сметаат дека се делумено запознаени, додека 24,1% сметаат дека не се запознаени со ова право.

| Еднаков пристап до образование за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **21,9%** | **21,6%** | **22,4%** | **17,3%** | **16,8%** |

Интересно е дека социо-демографската анализа за секое од прашањата во оваа група ги даде истите резултати, т.е. групите што покажуваа поголемо (или помало) познавање на своите права не варираа во познавањето кај различните прашања. Така, како најнезапознаени со своите права се помалку образованите, а оние без основно образование по скоро секое прашање одговарале дека воопшто не се запознаени (средната вредност кај оваа група по сите прашања се движеше меѓу M=1.00 и м=1.09). Дополнително, истражувањето покажа дека како расте степенот на образование, така расте и познавањето на правата.

Ако се разгледаат другите социо-економски фактори, тенденција за помало познавање се провлекува во секое прашање кај жените што имаат четири или повеќе деца, жените што не работат, жените што живеат во руралните средини, како и жените кои секој месец имаат проблеми со плаќање на сметките. Единствен фактор кој немаше улога во одговорите во ниту едно од петте прашања беше возраста на испитаничките.

## Родовата еднаквост на работа

### *Економската вклученост на жените во Карпош*

Имајќи предвид дека истражувањето се спроведуваше во рамки на проектот „Жените во економијата“, беа поставени две прашања со цел да се измери ставот на жената за тоа како ги оценува нејзините можностите за влез на пазарот на труд во споредба со мажот. Така, 205 или 51,3% од примерокот одговараа на прашањето *„колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите?*, но бидејќи прашањето е наведувачко, останатата половина или 195 или 48,8% од примерокот одговараа на прашањето *„колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?“* Точно половина (50%) од жените кои одговараа на првото прашање сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите, секоја трета (32,8%) смета дека им е еднакво тешко, а 17,2% не се согласуваат дека на жените им е потешко да најдат работа. На различна формулација на прашањето, 29,7% сметаат дека на жените им е полесно да најдат работа, повторно третина (33,3%) смета дека им е еднакво лесно, а 36,9% сметаат дека воопшто не им е полесно.

| Колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу потешко | делумно потешко | малку потешко | еднакво тешко | воопшто не им е потешко |
| **21,1%** | **21,1%** | **7,8%** | **32,2%** | **17,2%** |
| **Колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?** | | | | |
| многу полесно | делумно полесно | малку полесно | еднакво лесно | воопшто не им е полесно |
| **11,8%** | **12,8%** | **5,1%** | **33,3%** | **36,3%** |

За да направиме реална анализа ги поставивме сите одговори на еден континуум од многу потешко до многу полесно. При тоа, една третина сметаат дека им е еднакво тешко/лесно на жените да најдат работа (33%), нешто помалку од една четвртина (23,5%) сметаат дека на жените им е полесно да најдат работа, додека 43,5% сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа. Од ова може да се заклучи дека и покрај недоследноста во одговарањето во зависност од тоа како е формулирано прашањето, сепак постои тенденција на согласување со ставот дека на мажите им е полесно да најдат работа.

Изненадувачки е дека социо-демографската анализа покажа дека нема разлики во одговорите на прашањето дали на жените им е полесно да најдат работа. Кога прашањето гласи дали им е потешко, разлики има по повеќе основи. Така, жените со четири или повеќе деца имаат поголема тенденција да се согласуваат дека на жените им е потешко да најдат работа од испитаничките со помалку деца. Исто така разлики има и во зависност од степенот на образование на испитаничките, па оние без завршено основно образование е поверојатно да сметаат дека на жените им е потешко, што исто така беше случај и со жените кои пријавиле дека секој месец имаат проблеми со плаќање на сметките. Што се однесува до возрасните групи, интересно е дека помладите помалку сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа и ова особено важи за девојките на возраст од 15-25 години, што веројатно може да се објасни со тоа што кај оваа возрасна група преовладува економската неактивност, па според тоа и немаат искуство на пазарот на труд.

## Жените и работата

### *Мнозинството смета дека жените кои не работат се изолирани од светот*

Седумдесет проценти од испитаничките од Карпош се согласуваат со изјавата дека жените кои не работат се изолирани од светот. Оваа бројка изгледа уште повисоко ако се спореди со одговорите во ЕУ, каде процентот на жени што се согласуваат со оваа изјава е 49%. Уште позначителна разлика има меѓу оние кои не се согласуваат со изјавата: 16,5% кај нашиот примерок, споредено со 49% во ЕУ. Што се однесува до споредбата на национално ниво, Карпош заедно со Струмица е во општините кои во просек повеќе се согласуваат со ставот дека жените кои не работат се изолирани од светот.

| Жените кои не работат се изолирани од светот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **51,4%** | **19%** | **13%** | **8%** | **8,5%** |

Социо-демографската анализа откри мали но сепак значајни разлики единствено меѓу испитаничките со различна финансиска моќ, со тоа што согласноста дека жените кои не работат се изолирани од светот е поголема кај жените кои секој месец имаат проблем со плаќање на сметките.

Сите други индикатори беа без влијание врз начинот на одговарање на нашите испитанички

### *Најголема согласност кога станува збор за лични примања*

Втор став кој ја отсликува жената и вработувањето, а беше мерен во рамките на овој проект е неопходноста жените да имаат свои лични примања. Жените во Карпош се прилично едногласни на оваа тема, па дури 95% делумно или во потполност се согласуваат дека жената мора да има свои лични примања. Ваквите резултати се слични и на ниво на ЕУ каде 81% се согласуваат,

наспроти 16% кои не се согласуваат. Процентот на жени што не се согласуваат дека жената мора да има свои лични примања во општина Карпош е значително помал, така само 2,6% од испитаничките делумно или воопшто не се согласуваат со овој став.

| Жената мора да има свои лични примања | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **86,2%** | **8,8%** | **2,5%** | **1,3%** | **1,3%** |

На национално ниво Карпош се издвојува во однос на другите општини со силно согласување со овој став.

Иако скоро сите испитанички тежнеат кон согласување, социо-демографската анализа повторно утврди мали разлики во ставовите во зависност од финансиската моќ. Така, најголема согласност имаме кај испитаничките кои се изјасниле дека никогаш немаат проблеми со плаќање на сметките.

Другите индикатори се покажаа како незначајни.

## Улогата на родот во вработувањето

Имајќи предвид дека скоро сите жени во Карпош сметаат дека треба да имаат свои лични примања, важно е да се разберат перцепциите за улогата на родот во вработувањето. Затоа, следниот дел од извештајот ги презентира одговорите на испитаничките за ставовите кои се однесуваат на податокот дека во просек жените во Македонија се помалку вработени од мажите.

*Мнозинството  жени во Карпош сметаат дека не е профатливо да има помалку вравотени жени од мажи и сметаат дека тоа е проблем*

Половина од испитаничките, односно 205 жени (51,3% од примерокот) беа прашани дали е „прифатливо е да има помалку вработени жени од вработени мажи“ додека останатите 195 или 48,8% одговораа на прашањето „сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи“. Интересно е дека на испитаничките полесно им е да не се согласуваат со ставот дека е прифатливо да се помалку вработени од мажите отколку да се согласуваат со ставот дека постоечката помала вработеност на жените е проблем. Додека 71,2% не прифаќаат помала невработеност, само 55.2% се согласуваат дека тоа е проблем.

| Прифатливо е да има помалку вработени жени од вработени мажи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **7,8%** | **6,8%** | **14,1%** | **7,3%** | **63,9%** |
| **Сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **43,3%** | **12,9%** | **12,9%** | **8,2%** | **23,7%** |

Во споредба со другите општини, Карпош е во групата која помалку ја прифаќа невработеноста кај жените, но и која помалку смета дека тоа е проблем. Сепак, треба да се напомене дека станува збор за мали разлики.

Социо-демографската анализа посочува неколку разлики. Интересно е на пример дека жените од руралните средини повеќе се согласуваат дека е проблем што има помалку вработени жени во споредба со жените од урбаните средини, но кога е прашањето поинаку формулирано, за нив е поприфатливо тоа што има помалку вработени жени од мажи. На прашањето дали е прифатливо да има повеќе вработени мажи од жени, разлики има и во статусот на пазарот на труд. Кај невработените имаме помало несогласување кога станува збор дали е прифатливо жените да бидат помалку вработени од мажите, но сепак треба да се напомене дека ова е мала разлика. Кај другата формулација на прашањето, каде ставот е претставен како проблем, имаме големи разлики во зависност од образованието и помали разлики во зависност од брачниот статус. Тука вдовиците и оние кои не се во врска повеќе се согласуваат дека ова е проблем. Што се однесува до образованието како фактор, во согласувањето се истакнуваат оние без основно образование, посебно споредено со оние со завршено основно и постдипломски студии, кај кои има тенденција за несогласување.

### *Скоро половина од испитаничките не ја препознаваат дискриминацијата на пазарот на труд*

И покрај фактот што процентот на вработени жени во Македонија е значително помал од оној на вработените мажи, големи се процентите на оние кои не се согласуваат со ставот дека нема доволен број на работни места за жените. Во општина Карпош скоро половина од жените не сметаат дека за жените има помалку работни места на пазарот на труд, па така групата која не се согласува е најголема во нашиот примерок (46,8%). Оние што се согласуваат, т.е. сметаат дека нема доволен број на работни места за жените се 37,6%, а неодлучни се 15,8%.

За споредба, иако стапката на вработеност на жените во ЕУ е значително поголема од онаа во Македонија, прашани дали бројот на вработени жени (во нивната држава) е премал, 46% од жените во ЕУ се согласуваат, додека 45% не се согласуваат.

| Нема доволен број на работни места за жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **23,8%** | **13,8%** | **15,8%** | **16,3%** | **30,5%** |

Споредено со другите општини во кои го спроведовме истражувањето, жените од Карпош покажуваат најмала согласност по ова прашање. Овие разлики се сепак од мал ефект (f=0.16).

Кај ова прашање наидовме на разлики во скоро сите категории ако се земат предвид социо-економските фактори. Најголемите разлики се јавија во зависност од образовнието на испитаничките, каде одговорите на жените без завршено основно образование драстично се разликуваат од одговорите на оние со завршени постдипломски студии. Така, првата група тежнее кон согласување со ставот дека нема доволен број на работни места, додека најобразованите воопшто не се согласуваат со овој став. Испитаничките со завршено основно, средно или високо образование (факултет) се наоѓаат во иста група и се движат по средината кај ова прашање.

Очекувано, жените кои не работат се со тенденденција кон согласување, но станува збор за мали разлики во споредба со испитаничките кои работат. Дополнително, жените од руралните средини, оние што пријавиле поголеми финансиски проблеми како и оние кои имаат три или повеќе деца повеќе тежнеат кон согласување со овој став.

## Родовата еднаквост на раководните позиции

### *Мнозинството не се согласува дека жените се помалку заинтересирани да бидат на раководни позиции*

Мнозинството од жените во Карпош (78,6%) не се согласуваат со ставот „*жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции*“. Малку помалку од една десетина (9,3%) не се согласуваат со овој став, што сугерира дека жените од Карпош сметаат дека ситуацијата со малиот број на жени на раководни позиции неможе да се препише на изборот што го прават самите жени. По ова прашање нашите испитанички се посогласни и од Европјанките, кај кои повеќе од две третини 66% не се согласуваат со овој став. Споредено со другите општини, во Карпош несогласувањето преовладува понагласено, односно испитаничките покажуваат најголема несогласност во споредба со сите четири општини што беа опфатени со истражувањето.

| Жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **3,3%** | **6%** | **12,3%** | **16,3%** | **62,3%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики единствено ако се земе предвид финансиската моќ на испитаничките, со тоа што оние што никогаш немаат проблеми со плаќање сметки повеќе тежнеат кон несогласување дека жените се незаинтересирани за раководни функции. Другите социо-демографски индикатори не покажаа влијание врз начинот на одговарање.

### *Согласноста помала кога станува збор за интересот за градење кариера*

Иако кај претходното прашање преовладуваше несогласувањето, кога беа прашани дали сметаат дека „*жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат своја кариера*“, жените од Карпош по овој став не покажаа еднакво високо несогласување. Така, во споредба со 78,6% кои не се согласуваа со ставот дека жените се незаинтересирани да бидат на високи позиции, кај ставот дали жените не се заинтересирани да се борат за градење кариера, несогласувањето се намалува на 58,6%. Бројот на оние кои се согласуваат со овој став е скоро една петина (19,3%), а пораснат е и бројот на оние кои немаат мислење по ова прашање:22,1% во споредба со 12,3% кај претходното прашање.

За споредба, во Европската унија една третина (33%) се согласува дека жените се понезаинтересирани за градење на кариера, но значителното мнозинство (64%) не се согласува, а само 3% неможат да се решат (наспроти 22,1% од жените во Карпош). Што се однесува до споредбата по општини, и покрај намалувањето на несогласноста од претходното прашања, Карпош повторно се наоѓа пред другите општини со најголема несогласност.

| Жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат кариера | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **6,3%** | **13%** | **22,1%** | **16,5%** | **42,1%** |

## Влијанието на домашните одговорности на жената

Додека претходните две теми се однесуваа на желбата на жената да се бори за одговорни и раководни позиции, во овој дел од извештајот ќе се осврнеме на нејзините можности да ги

оствари истите. Жените се уште превземаат поголем дел од домашните одговорности за грижа на децата и постарите, па затоа истражувањето се потруди да го измери влијанието на ваквата поделба на трудот во семејствата врз слободите на жената да бара повисоки работни позиции надвор од приватната сфера.

## *Скоро две третини од жените сметаат дека домашните задолженија им ја скратуваат слободата*

Скоро две третини (62,5%) од жените во Карпош се согласуваат со ставот *„жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството"*. Бројот на оние кои немаат изградено став е 17,8%, но вреди да се забележи дека бројот на оние кои не се согласуваат (19,8%) е помал дури и од оној кај ЕУ примерокот (22%). Сепак, во Европската унија согласноста е поголема, па таму дури 76% се согласуваат дека жените имаам помала слобода поради домашните оврски, а само 2% немаат мислење за ова прашање.

| Жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **34,5%** | **28%** | **17,8%** | **12%** | **7,8%** |

На ниво на општини, жените од општина Карпош се разликуваат само од Шуто Оризари, општина која силно се согласува со овој став.

Ако се разгледаат одговорите според социо-економските индикатори, разлики имаме по неколку основи. Во зависност од статусот на пазарот за труд, забележавме дека жените што работат непријавени помалку се согласуваат со овој став од оние кои работат пријавени, додека невработените се движат по средината. Очекувано, жените со повеќе деца се со поголема тенденција да се согласуваат со овој став, но интересно е дека најголема тенденција за соглсување има кај жените со едно дете, а согласноста се намалува ако испитаничката има две или повеќе деца. Сепак, по ова прашање согласноста е најмала кај оние што немаат деца.

Кај степенот на образование исто така наидовме на мали но значајни разлики, па така согласноста се намалува колку е повисок степенот на образовние.

## *Повеќе од половина жени сметаат дека мажите се оние кои не им даваат можности за унапредување*

Друг аспект кој може да влијае на дисбалансот меѓу мажите и жените на раководни позиции се самите мажи на раководни позиции. Се чини дека жените во Карпош го делат ова мислење бидејќи повеќе од половина испитанички (56,6%) се согласуваат дека *„во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените"*, каде секоја трета жена (33,8%) во потполност се согласува со овој став. Без изграден став се скоро една четвртина (23,1%) од жените, додека секоја петта (20,3%) не се согласува.

| Во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **33,8%** | **22,8%** | **23,1%** | **7,8%** | **12,5%** |

Овој став е уште поизразен на ниво на ЕУ, каде скоро три четвртини (74%) се согласуваат дека во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доверба во жените, само 21% не се согласуваат и 5% немаат изграден став. Во споредба со другите општини,одговорите на жените од Карпош се

разликуваат единствено од одговорите на испитаничките од Шуто Оризари кои се единствена општина која не тежнее кон согласување.

Социо-демографската анализа утврди разлики само во зависност од образованието и местото на живеење на испатиничките. Интересно е дека статусот на пазарот на труд немаше влијание врз одговорите.

Според местото на живеење, руралните жени покажуваат малку поголема тенденција кон согласување од оние кои живеат во урбаните делови од општината. Што се однесува до образованието, оние со завршени постдипломски студии се поделени по ова прашање, со што значително се разликуваат од оние без завршено основно, кај кои согласувањето е највисоко.

## Квалификациите на жените

Друг фактор кој е од големо значење и влијае на идното вработување се квалификациите со кои располагаат жените. Затоа, овој дел од извештајот ќе ги презентира резултатите во врска со мислењата на жените за нивните квалификации и способности.

### *Мнозинството смета дека жените поседуваат квалификации за одговорни позиции*

Видовме дека мнозинството жени сметаат дека бизнис секторот е доминиран од мажи кои немаат доверба во жените. Дали таа недоверба се должи на недостигот на потребни кавалификации и квалитети кај жените? Жените од Карпош во голем број не се согласуваат со ова. Дури 87,2% од испатиничките не се согласуваат со ставот дека *„жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции“* и сметаат дека тие треба да уживаат исто ниво на доверба како и мажите. Бројот на оние кои се согласуваат е многу мал, само 3,8%, а останатите 9% немаат изградено мислење. По ова прашање жените од Карпош се посигурни во сопствените способности дури и од жените во ЕУ, каде 71% не се согласуваат дека жените не поседуваат потребни квалитети и квалификации.

| **Жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **1,3%** | **2,5%** | **9%** | **11,8%** | **75,4%** |

Во споредба со другите општини, Карпош повторно покажува најголемо несогласување, т.е. жените во Карпош се најубедени дека жените ги имаат потребните квалитети и квалификации за раководни позиции. (f=0.21)

Иако во проесек сите групи на испитанички не се согласуваат со претпоставената инфериорност во квалитети наспроти мажите, сепак социо-демографската анализа откри разлики во начинот на одговарање по неколку индикатори и тоа образование, статус на пазарот на труд, финансиската моќ и местото на живеење, каде руралните жени со малку понесигурни во несогласувањето.

Кај поделбата по образование исто така има мали но значајни разлики, па така оние без завршено основно образование се разликуваат од сите други групи со тоа што кај нив несогласувањето е помало. Финансиската моќ повторно се јавува како фактор кој влијае на одговарањето, па така оние што секој месец имаат проблем со плаќање на сметките покажуваат малку помала тенденција кон согласување дека жените ги имаат потребните квалитети и квалификации за

раководни позиции. Сепак, вреди да се повтори дека станува збор за мали разлики и дека во сите групи мнозинството не се согласува со овој став.

Што се однесува до статусот на пазарот на труд, и тука имаме разлики кај испитаничките, со тоа што несогласноста е најниска кај невработените.

*Жените уште поубедени дека не се помалку образовани од мажите*

И конкретно, прашани дали е „*нормално жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите*" испитаничките уште повеќе не се согласуваат (91%) споредено со претходното прашање, а неодлучноста е помала со 3,3%.

| Нормално е жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **4,5%** | **1,3%** | **3,3%** | **5,8%** | **85,2%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики во одговорите во зависност од образованието и местото на живеење. Кај жените од урбаните средини забележавме поголема тенденција за несогласување, а ист е случајот и со пообразованите. Очекувано, испитаничките со завршени постдипломски студии стопроцентно не се согласуваа со овој став.

## Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот

Кога ги анализиравме причините за тоа зошто жените не се доволно застапени на одговорни позиции во економијата и зошто стапката на неактивност е висока, утврдивме дека жените во Карпош веруваат дека имаат поголеми ограничувања поради нивните семејни/домашни обврски.

За да се обидеме да го разбереме ова, ги разгледавме различните аспекти на тешкотијата да се балансира меѓу работата, приватниот и семејниот живот.

*Жените во Карпош не се согласуваат дека кога во семејството има деца и постари членови за кои треба некој да се грижи не и се исплати на жената да работи*

Прашани дали на жената не и се исплати да работи доколку во семејството има деца или постари членови за кои некој треба да се грижи, жените од Карпош тежнеат кон несогласување. Дури 61,4% не се согласуваат со овој став, 24,6% се неодлучни, а само 14% се согласуваат. По ова прашање жените од Карпош дале слични одговори како и жените од Струмица, а значително се разликуваат од жените од Тетово кои се поделени по овој став и жените од Шуто Оризари кои тежнеат кон согласување.

| Доколку во семејството има деца или постари членови за кои треба некој да се грижи, не се исплати мајката да работи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | Делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **6%** | **8%** | **24,6%** | **26,1%** | **35,5%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики меѓу испитаничките со различен степен на образование, па така несогласувањето расте правопропорционално со степенот на образование. Дополнително, иако покажуваат тенденцијата кон согласување, кајпосиромашните жени и

жените што живеат во рурални средини несогласувањето е поумерено. Интересно е дека бројот на деца не влијае на одговорите и не постојат значајни разлики меѓу оние без деца и оние со над четири деца.

### *Жените од општина Карпош согласни дека родителите треба првенствено да се грижат за своите деца, а потоа за својата кариера, но интересно е дека одлучноста е поголема кога станува збор за таткото*

Следното прашање го разгледува балансот меѓу кариерата и родителството во зависност од полот на родителот. Цели три четвртини (75,6%) од испитаничките од Карпош сметаат дека *„секоја мајка треба да ја стави грижата за своите дека пред својата кариера"*. Ако прашањето гласи *„секој татко треба да ја стави грижата за своите дека пред својата кариера"*, имаме мала, но сепак значителна разлика во одговорите. Иако кај националниот примерок и посебно во другите три општини испитаничките покажаа поголема согласност кога станува зборува збор за мајката, во општина Карпош согласноста е поголема кога станува збор за таткото, па анализата покажа дека дури 83% од жените се согласуваат со тоа дека татковците треба да ја стават грижата за своите деца пред својата кариера. Несогласувањето и кај двете прашања е доста ниско, 11,8% кога станува збор за мајката, 7,7% кога станува збор за таткото. И кај оние без изграден став има разлика во прашањата, па неодлучноста е поголема за тоа дали мајките треба да ја стават грижата за своите деца пред својата кариера (12,7%) споредно со татковците (9,3%).

Уште поинтересно е тоа што социо-демографската анализа утврди дека додека не постојат разлики во одговорите по ниту еден индикатор кога е во прашање таткото, кога станува збор за мајката разлики постојат ако се земе предвид статусот на пазарот за труд. Тука поголема согласност покажуваат непријавените вработени, по што со слични средни вредности следат невработените и пријавените вработени.

| Секоја мајка треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **60,5%** | **15,1%** | **12,7%** | **5,9%** | **5,9%** |
| **Секој татко треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **73,2%** | **9,8%** | **9,3%** | **4,1%** | **3,6%** |

### *Жените од Карпош согласни дека мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството*

Во продолжение со прашањата за балансот меѓу кариерата и родителството ги разгледавме и улогите кои мажите можат да ги имаат во надминување на потенцијалните конфликти меѓу семејниот живот и работата. Затоа, следното прашање го тестира ставот на жените за тоа *„дали оние мажи кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството"*. Мнозинството од жените во Карпош се согласуваат со овој став (77,9% од испитаничките), а дури 61,4% во потполност се согласуваат. Бројот на оние кои не се согласуваат е 13,3%, а 8,8% немаат изградено став по прашањето дали мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството. За споредба, на малку порадикално прашање поставено во евробарометарот, Европјанките со 48% се согласни дека доколку заработуваат помалку од жената, мажите треба да дадат отказ и да се грижат за децата.

| Мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **61,4%** | **16,5%** | **8,8%** | **8,3%** | **5%** |

Социо-демографската анализа исто така посочи дека, иако во просек сите подгрупи тежнеат кон согласување, пообразованите повеќе се согласуваат со овој став, а согласувањето е поголемо и кај оние што никогаш немаат проблем со плаќање на сметките, како и кај оние што работат (пријавени и непријавени) во споредба со испитаничките што не работат.

*Повеќето жени сметаат дека не е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски, само една петина смета дека е тоа нормално*

Еднаквоста на жените не само на работа, туку и во семејството е од суштинско значење за постигнување на баланс меѓу работата и семејниот односно приватниот живот. Затоа следното прашање ги мереше мислењата на жените околу тоа дали е „*нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски*“. Истражувањето во Карпош покажа голема несогласност кај жените по овој став, со тоа што дури 68,8% не се согласуваат, а само една петина (20,6%) се согласува дека е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски. Ако ги споредиме резултатите со другите општини, ќе видиме дека Карпош заедно со Тетово тежнее кон несогласување, споредено со Струмица кои тежнеат кон средината (со тоа што Струмица тежнее од средината кон несогласување, а Шуто Оризари од средината кон согласување). Разликите меѓу одговорите во различните општини се од среден ефект f=0.31.

| Нормално е мажите помалку да учествуваат во домашните обврски | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **10,8%** | **10,6%** | **9,8%** | **12,6%** | **56,2%** |

Интересно е да се забележи дека Европската унија е уште поразединета по ова прашање. Таму иако 50% не сметаат дека е нормално, дури 48% сметаат дека е многу нормално мажите помалку да учествуваат во домашните оврски. Само 2% немаат став.

Иако несогласувањето преовладува кај примерокот, сепак постојат значителни разлики во одговорите во зависност од социо-демографските фактори. Така, несогласувањето е поумерено кај жените со четири или повеќе деца, невработените, помалку образованите, посиромашните и жените од руралните средини.

Она што загрижува е дека најмало несогласување во зависност од возраста најдовме кај најмладата група, т.е. испитаничките од 15-25 години.

## Мерки за зголемување на вработеноста на жените

*Дневни институции за грижа на деца и постари лица, најприоритетни*

| Мерки за зголемување на бројот на вработени жени | | |
|---|---|---|
| 1 | **Зголемување на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари** | **29,8%** |
| 2 | Воведување на флексибилни работни саати | **27,8%** |
| 3 | Унапредување на пристапот на жените до сектори во кои не се застапени | **14,6%** |
| 4 | Подобрување на пристапот на жените до подобро платени работни места | **14,1%** |
| 5 | Намалување на разликите во плати со мажите за исти работни места и исти квалификации | **9,1%** |
| 6 | Друго | **3,8%** |
| 7 | Не е приоритетно да се зголеми бројот на вработени жени | **0,8%** |

Овој дел од прашалникот имаше за цел да одговори на прашањето на која мерка за зголемување на бројот на вработени жени треба да и се даде приоритет, со тоа што беа дадени неколку опции од кои требаше да се избере само една. Дополнително на формулираните мерки, прашањето даваше можност жените сами да предложат мерка, или пак да изберат дека воопшто нема потреба да се зголеми бројот на вработени жени. На ова прашање најголем број од испитаничките од Карпош одговориле дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри треба да биде приоритетна мерка за зголемувањето на бројот на вработени жени, по што следи воведување на флексибилни работни саати.

Нашето истражување покажа дека социо-демографските фактори допринесуваат до разлики во одговорите меѓу различните подгрупи, со тоа што разлики постојат врз основа на степенот на образование, возраста, статусот на пазарот за труд и финансиската моќ. И покрај тоа што мнозинството како приоритетна мерка го избираше зголемениот број на градинки и пензионерски центри (тука најсигурни жените што од време на време имаат проблем со плаќање на сметки, од кои 40% ја избрале оваа опција), споредбената анализа покажа дека одредени групи за приоритетна мерка го бирале воведувањето на флексибилни работни саати. Така, оние што немаат проблем со плаќање на сметки, пријавените вработени, жените на возраст од 36 до 45 и оние со завршено основно образование и постдипломски студии се решиле токму за оваа мерка. Интересно е да се забележи дека жените со завршени постдипломски студии мерката за зголемување на бројот на градинки и пензионерски центри ја ставаат дури на третото место, заедно со мерката за унапредување на пристапот на жените до сектори во кои не се застапени (и двете биле избрани од 15,4%). За нив, наместо градинки поприоритетно е да се подобри пристапот на жените до подобро платени места (оваа мерка ја избрале дури 30,8% од жените со завршени постдипломски студии).

Една интересен аспект на изборот на жените од Карпош (и воопшто од Македонија) е тоа што најзанемарена мерка е намалувањето на разликите во платите на мажите и жените за исти работни места и исти квалификации. За разлика од ЕУ каде разликите во плати за исти позиции меѓу мажите и жените е актуелна тема и приоритетна мерка во истражувањето на Евробарометарот, во Македонија овие разлики ниту се истражувани, ниту се дискутирани. Поради недостигот на информации, жените воопшто не се сензитивизирани на оваа тема, па затоа не е ни чудно што незначаен дел од жени (9.1%) ја бираа оваа мерка како приоритетна.

## Родовата еднаквост во иднина

### *Перцепцијата за перспективите за родовата еднаквост*

Последната група прашања имаше за цел да ги испита очекувањата на жените за иднината, т.е. нивните ставови за тоа колку состојбата на жената ќе се подобри за 20 години. Беа поставени пет прашања, од кои четири се однесуваа на јавната сфера (еднакви примања, застапеност на раководни позиции, застапеност во централна и локална власт, жена премиер или претседател), а едно на приватната сфера (учеството на мажите во домашните обврски).

### *Најголем оптимизам за зголемен број на жени на раководни позиции во 2030*

Во групата прашања кои се однесуваат на иднината на родовата еднаквост, жените од Карпош покажаа најголем оптимизам кога станува збор за зголемен број на жени на раководни позиции, со високи 79,1% кои сметаат дека до 2030 е веројатно да има повеќе жени на раководни позиции во споредба со 2010.

| Во 2030 ќе се зголеми бројот на жени на раководни позиции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **47,9%** | **31,3%** | **12,5%** | **5%** | **3,3%** |

Ако се разгледаат социо-демографските индикатори, се јавуваат разлики по неколку основи. Така, жените од урбаните средини се генерално пооптимистични од оние од руралните, а оптимизмот е исто така помал кај посиромашните, со тоа што испитаничките кои пријавиле дека секој месец имаат проблеми со плаќање на сметките се помалку уверени дека бројот на жени на раководни позиции ќе се зголеми за дваесет години. Бројот на деца се јави како дополнителен фактор кој влијае врз одговорите, па така оптимизмот опаѓа како што расте бројот на деца, а најоптимистични се жените без деца. Најголеми разлики се појавија во поделбата по образование, каде што колку е повисок степенот на образование, толку е поголем оптимизмот. Додека оние со постипломски отскокнуваат со убедувањето дека бројот на жени на раководни позиции ќе се зголеми до 2030, вреди да се забележи дека постои и значителна разлика меѓу оние со завршено и оние без завршено основно образование, со тоа што необразованите дури тежнеат и кон недоверба.

## *Скоро три четвртини очекуваат поголема застапеност на жените во централната и локалната власт*

Слично како и кај претходното прашање, и тука примерокот е оптимистичен . Речиси три четвртини од жените (72,6%) сметаат дека ќе се зголеми учеството на жените во централната и локалната власт. Бројот на оние кои не веруваат дека тоа ќе се случи е малку повисок со 12,8%, а неодлучни се 14,5%.

| **Во 2030 жените ќе бидат позастапени во централната и локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **36,3%** | **36,3%** | **14,5%** | **8,3%** | **4,5%** |

Социо-демографската анализа не покажа значителни разлики кај ниту еден од индикаторите.

## *Оптимизмот помал за можна премиерка или претседателка на држава*

Жените од Карпош за ова прашање покажаа поголема скептичност, споредено со претходното прашање. Сепак, со 63,2% согласност, мнозинството смета дека е можно да избереме премиерка или претседателка во следните 20 години.

| **Во 2030 ќе имаме жена премиер или претседател** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **33,1%** | **30,1%** | **17,8%** | **12,5%** | **6,5%** |

По ова прашање испитаничките не се разликуваат ниту по статус на пазар на труд, финансиска состојба или пак возраст, но се разликуваат по степенот на образование. Додека оние без и со завршено основно образование се движат по средината со тенденција за верување дека ќе дојде до оваа промена, кај другите групи (средно, факултет, постипломски) имаме поголем оптимизам, а како најоптимистки се издвојуваат оние со завршени постдипломски студии.

## *Оптимизмот опаѓа кога станува збор за еднакви плати во иднина*

Слично како и жените во Европската Унија, повеќе од половина од испитаничките се согласиле со изјавата „Во 2030 мажите и жените ќе заработуваат еднакво“. Така, 59,1% од жените сметаат дека дваесет години се доволни за да се елиминира родовата разлика во платите. Европјанките сепак доста поскептични по ова прашање, во ЕУ дури 41% од жените не веруваат дека тоа ќе се случи, споредено со 20,6% од жените во Карпош. Бројот на неодлучни и кај ова прашање покажува големи разлики меѓу европскиот и македонскиот примерок: во Македонија неодлучни дури 20% споредено со 9% неодлучниво ЕУ.

| Во 2030 мажите и жените ќе заработуваат еднакво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **37,3%** | **21,8%** | **20,5%** | **11,3%** | **9,3%** |

По ова прашање се разликуваат испитаничките со различен степен на образование, со тоа што (исто како и кај сите други прашања за иднината на родовата еднаквост) како најоптимистичнисе јавуваат оние со завршени постдипломски студии, кои со силно убедување дека мажите и жените ќе заработуваат еднакво до 2030 значајно се разликуваат од оние без и со завршено основно образование. Исто така разлики најдовме и ако се земе предвид бројот на деца, со тоа што жените кои немаат деца се јавија како најоптимистки. Овие разлики се сепак мали и тендецијата кај сите групи е кон верување дека ќе дојде до позитивни промени.

### *Најголем скептицизам за промени во приватната сфера*

Како што беше споменато погоре, примерокот покажа најголема скептичност во очекувањата за поголемото учество на мажите во домашните обврски. Иако и тука мнозинството (52,4%) верува дека за дваесет години мажите ќе учествуваат повеќе во домашните обрски, високи 28,8% не веруваат во тоа, а 18,5% остануваат воздржани. Во Европската Унија скептицизмот е помал (34% наспроти 58% кои очекуваат промена).

| Во 2030 мажите повеќе ќе учествуваат во домашните активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **28,3%** | **24,3%** | **18,5%** | **15,5%** | **13,3%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики само ако се земе предвид образованието на испитаничките. Така, жените со завршени постдипломски студии се издвојуваат со својот оптимизам и посебно се разликуваат во одговорите со оние без и со завршено основно. Вреди да се забележи дека жените без завршено основно иако се движат по средината кон ова прашање, сепак се со блага тенденција кон неверување.

Ако пак ги разгледаме сите пет прашања од оваа група заедно, жените од Карпош веруваат дека за 20 години поверојатно е да имаме зголемен број на менаџерки, жените да заработуваат еднакво со мажите, да имаме повеќе жени застапени во власта па дури и претседателка односно премиерка отколку мажите повеќе да учествуваат во домашните обрски. Ова укажува на голем скептицизам за промени во приватната сфера, т.е. за сопствената моќ на жените да влијаат на менувањето на традиционалните улоги во домот.